РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-793/5
02-06-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 32– та седница одржана на ден 22.05.2026 година, донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-793/1 од 17.02.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-793/1 од 17.02.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-793/1 од 17.02.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ------------------ по избор на функцијата член на совет на Општина ---------------------.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека ---------------------- во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата член на совет на Општина ------------------ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-793/3 од 18.03.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 01.04.2026 година, кој во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот.

Со оглед дека лицето ------------- и по уплатата на глобата се уште нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата ќе достави укажување до истиот за исполнување на законската обврска од членот 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Б.С., советник
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК